**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година

Предмет бр. ИТ-04-82-Р77.1

Датум: 6. декември 2007

Оригинал: англиски

**ПРЕД СУДСКИОТ СОВЕТ II**

**Пред:** **Судија Кевин Паркер, претседавач**
**Судија Кристина Ван Ден Вингерт**
**Судија Кристер Телин**

**Секретар:** **г. Ханс Холтхуис**

**Одлука од:** **6. декември 2007**

**ОБВИНИТЕЛОТ**

**против**

**ЉУБЕ КРСТЕВСКИ**

**ЈАВНО**

---

**ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ПОВЛЕКУВАЊЕ НА ОБВИНЕНИЕТО ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ ПРОТИВ ЉУБЕ КРСТЕВСКИ**

---

**Канцеларија на Обвинителството**

г. Дан Саксон

**Бранители на обвинетите**

Кристиан Кемпердик

**ОВОЈ СУДСКИ СОВЕТ** на Меѓународниот суд за гонење на лица одговорни за сериозно кршење на меѓународното хуманитарно право на територијата на поранешна Југославија од 1991 (понатаму во текстот: Меѓународен суд),

**ИМАЈЌИ ГО ВО ПРЕДВИД** Обвинението против Љубе Крстевски (понатаму во текстот: Обвинетиот) коешто го потврди судијата Баконе Јустис Молото во доверливата одлука од 30. октомври 2007 и со коешто Обвинетиот се обвинува за една точка на непочитување на Меѓународниот суд, што се казнува според овластувањата на Меѓународниот суд и правилото 77(А)(iii) од Правилникот за постапки и докази (понатаму во текстот: Правилник).

**ИМАЈЌИ ГО ВО ПРЕДВИД** налогот за апсење против Обвинетиот којшто го издаде судијата Баконе Јустис Молото на 30. октомври 2007 со кој им се дава упатство на овластените органи во Република Македонија да го бараат, да го уапсат, да го притворат и веднаш да го предадат на Меѓународниот суд;

**ИМАЈЌИ ВО ПРЕДВИД ДЕКА** Обвинетиот беше пренесен во седиштето на Меѓународниот суд на 28. октомври 2007;

**ИМАЈЌИ ЈА ВО ПРЕДВИД** наредбата којашто помошниот судија на Меѓународниот суд ја издаде доверливо на 29. ноември 2007 и го назначи Судскиот совет II како одговорен за случајот против Обвинетиот;

**ИМАЈЌИ ВО ПРЕДВИД ДЕКА** иницијалното појавување на Обвинетиот во согласност со правилото 62 од Правилникот беше одржано на 29. ноември 2007 пред судијата Кристер Телин;

**ИМАЈЌИ ВО ПРЕДВИД ДЕКА** за време на иницијалното појавување Канцеларијата на обвинителството (понатаму во текстот: Обвинителство) усно предложи да му се дозволи да го повлече Обвинението против Обвинетиот и дека на странките им беше наредено да поднесат писмен поднесок во врска со ова[1];

**ЗЕМАЈЌИ ВО ПРЕДВИД ДЕКА** во поднесокот поднесен доверливо на 3. декември 2007 Обвинителството го повтори своето барање да му се дозволи да го повлече Обвинението против Обвинетиот и да приложи дополнителни поднесоци со кои ќе го поткрепи своето усно барање;

**ЗЕМАЈЌИ ВО ПРЕДВИД ДЕКА** во својот одговор кон барањето на обвинителството, поднесен на 6. декември 2007, бранителот на обвинетиот побара да се одобри ослободувањето што го бараше Обвинителството;

**ЗЕМАЈЌИ ВО ПРЕДВИД ДЕКА** во сегашните околности нема да биде во интерес на правдата да се продолжи постапката за непочитување против Обвинетиот;

**ВО СОГЛАСНОСТ СО** правилата 51(А)(iii) и 54 од Правилникот

**МУ ОДОБРУВА** на Обвинителството да го повлече Обвинението против Обвинетиот.

Составено на англиски и француски, при што англиската верзија се смета за меродавна.

На ден, 6. декември 2007 година

Во Хаг, Холандија.

/своерачен потпис/

Судија Кевин Паркер

Претседавач

**[Печат на Меѓународниот суд]**

SM

[1] Обвинителот против Љубе Крстевски, предмет Бр. ИТ-04-82-Р77.1, Иницијално појавување, Т 3-4.